Уп. Бр.08-92/2021

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Волутион Вентилатион Гроуп Лимитед, со регистрирано седиште на Ц/О Волутион Гроуп Плц, Флеминг Веј, Кравлеу, Западен Сасекс, Англија, РХ10 9УХ, преку полномошник Божидар Милошевиќ, адвокат од Скопје на седницата одржана на ден 01.09.2021 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на Волутион Вентилатион Гроуп Лимитед, со регистрирано седиште на Ц/О Волутион Гроуп Плц, Флеминг Веј, Кравлеу, Западен Сасекс, Англија, РХ10 9УХ, над Друштво за производство, трговија и услуги ЕРИ ЦОРПОРАТИОН ДОО Битола, со регистрирано седиште на Индустриска бр. 30, Битола, Република Северна Македонија, ЕРИ ЦОРПОРАТИОН С.Р.Л. со регистрирано седиште на Виа Модиглиани 90, 81031 Аверса, Италија, ЕНЕРЏИ РЕКАВЕРИ ИНДУСТРИС ТРЕЈДИНГ СЛУ, со регистрирано седиште на Калле Пере Дезкаллар 1 Нет 11 Планта 2, 07003 Палма де Мајорка, Иллес Балеарс, Шпанија, и ЕНЕРЏИ РЕКАВЕРИ ИНДУСТРИС ЦОРПОРАТИОН ЛИМИТЕД, со регистрирано седиште на 15 Ашфилд, Консетт, Обединето Кралство, ДХ8 0РФ, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено не како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став 1 точка 2 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 13.08.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Волутион Вентилатион Гроуп Лимитед, со регистрирано седиште на Ц/О Волутион Гроуп Плц, Флеминг Веј, Кравлеу, Западен Сасекс, Англија, РХ10 9УХ која се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на Волутион Вентилатион Гроуп Лимитед над Друштво за производство, трговија и услуги ЕРИ ЦОРПОРАТИОН ДОО Битола, со регистрирано седиште на Индустриска бр. 30, Битола, Република Северна Македонија, ЕРИ ЦОРПОРАТИОН С.Р.Л. со регистрирано седиште на Виа Модиглиани 90, 81031 Аверса, Италија, ЕНЕРЏИ РЕКАВЕРИ ИНДУСТРИС ТРЕЈДИНГ СЛУ, со регистрирано седиште на Калле Пере Дезкаллар 1 Нет 11 Планта 2, 07003 Палма де Мајорка, Иллес Балеарс, Шпанија, и ЕНЕРЏИ РЕКАВЕРИ ИНДУСТРИС ЦОРПОРАТИОН ЛИМИТЕД, со регистрирано седиште на 15 Ашфилд, Консетт, Обединето Кралство, ДХ8 0РФ,

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Волутион Вентилатион Гроуп Лимитед (Volution Ventilation Group Limited),** припаѓа на Волутион групацијата на друштва („**Волутион Група**"), со Волутион Гроуп плц (Volution Ventilation plc),со регистрирано седиште на Флеминг Веј, Кравлеу, Западен Сасекс, Англија, РХ10 9УХ, како крајно владејачко (матично) друштво**.** Волутион Гроуп плц е компанија која котира на Лондонската берза и е водечки снабдувач на производи за вентилација примарно на пазарите во Обединетото Кралство, континентална Европа и Австралазија. Портфолиото на производи на Волутион Групата може да се класифицира во следните четири сегменти: резиденцијална вентилација, комерцијална вентилација, останати производи и Торин-Сифан.

**Друштво за производство, трговија и услуги ЕРИ ЦОРПОРАТИОН ДОО Битола** дизајнира и произведува топлотни разменувачи на воздух што се користат во системите за вентилација како елементи за заштеда на енергија во резиденцијални и индустриски објекти.

**ЕРИ ЦОРПОРАТИОН С.Р.Л., ЕНЕРЏИ РЕКАВЕРИ ИНДУСТРИС ТРЕЈДИНГ СЛУ и ЕНЕРЏИ РЕКАВЕРИ ИНДУСТРИС ЦОРПОРАТИОН ЛИМИТЕД** се бават со маркетинг, продажба и дистрибуција на произведените топлотни разменувачи на воздух од ЕРИ ЦОРПОРАТИОН ДОО Битола.

ЕРИ ЦОРПОРАТИОН ДОО Битола ги произведува топлотните разменувачи на воздух во согласност со порачките од ЕРИ ЦОРПОРАТИОН С.Р.Л., која има тим за продажба вклучен во маркетинг, продажба, царина и логистика за транспорт на производите до клиентите. ЕНЕРЏИ РЕКАВЕРИ ИНДУСТРИС ТРЕЈДИНГ СЛУ се фокусира на маркетинг активности за производите, како што се онлајн и директен маркетинг (посета на клиенти; изложби; итн.), а ЕНЕРЏИ РЕКАВЕРИ ИНДУСТРИС ЦОРПОРАТИОН ЛИМИТЕД обезбедува локална поддршка за клиентите во Обединетото Кралство и Ирска.

Речиси целото производство на ЕРИ ЦОРПОРАТИОН ДОО Битола се продава надвор од Република Северна Македонија, претежно во Европска Унија, Англија, САД, Турција, Русија и Украина.

Ниту едно од Целните друштва нема регистрирано присуство во Република Северна Македонија, освен ЕРИ ЦОРПОРАТИОН ДОО Битола која е друштво од Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**